ЈЗУ- Специјализирана болница за белодробни заболувања и туберкулоза
**ЈАСЕНОВО**
Бр. 04-3416
22.01. 2026 год.
с.Јасеново Велес

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/161 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), ВД Директорот на ЈЗУ Специјализирана болница за белодробни заболувања и туберколоза ЈАСЕНОВО Велес на ден 22.01.2026 година донесе

# ОДЛУКА

за избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1.За извршител за работното место Раководител на одделение за метеријално-финансиско работење во Одделение за материјално финансиско работење и сметководство со шифра на работно место ЗДР01 02 БО4 005, се избира кандидатот: ЗАГОРКА ДАВЧЕВСКА
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување на административен службеник.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас, формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација бр.10-2335/10 од 18.12.2025 година, со функција за спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работните задачи за работното место од точка 1 на оваа Одлука, а по Јавниот оглас број 1123/2025, објавен на ден 04.12.2025 година во дневните весници ,Нова Македонија, Вечер и Коха , како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација спроведе постапка за селекција за вработување за горенаведеното работно место,

По спроведената постапка за селекција за вработување, комисијата до ЈЗУ Специјализирана болница за белодробни заболувања и туберколоза ЈАСЕНОВО Велес достави записници од сите фази на селекција како и конечна ранг листа на кандидати со Предлог за вработување на кандидати бр.10-2335/10-184/5 од 20.01.2026 година, врз основа на што ВД Директорот на ЈЗУ Специјализирана болница за белодробни заболувања и туберколоза ЈАСЕНОВО Велес изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
-Кандидати
-Агенција за администрација
-Архива

ЈЗУ Специјализирана болница за
Белодробни заболувања и тубеколоза
ЈАСЕНОВО- Велес
ВД Директор
Далибор Таневски